# Служби за жртвите на криминалот во Викторија- Македонски

Линијата за помош за жртвите од криминал на Владата на Викторија нуди бесплатни информации, совети и поддршка за вас и вашето семејство.

**Линија за помош за жртвите од криминал**
Отворено: од 8.00 наутро до 23.00 попладне, 7 дена во неделата
Јавете се на: 1800 819 817
Текст порака на: 0427 767 891
Емаил: vsa@justice.vic.gov.au

**Јавете се, испратете текст порака или емаил до линијата за помош да:**
- дознаете како да пријавите криминал до полицијата
- најдете други служби кои што можат да ви помогнат
- дојдете до информации за тоа како работи правосудниот систем на Викторија
- добиете поддршка ако треба да сведочите во суд
- добиете помош при аплицирање за надоместок и финансиска помош - ако ви следува
- дознаете што можете да направите за да ја зачувате својата безбедност и безбедноста на вашето семејство.

**Ако сте во опасност во моментов, јавете се на полицијата на три нули (000). Вие исто така можете да појдете во полициска станица.**

**Ние им помагаме на луѓето во многу различни ситуации**
Секоја година, им помагаме на илјадници луѓе на различна возраст, пол и култура кои што се жртви на криминал.

**Ние можеме да помогнеме дури и кога вие не сакате да пријавите криминал во полицијата**
Постојат добри причини за да се инфомира полицијата за криминал. Тие ќе ја примат вашата пријава сериозно и ќе пробаат да го најдат лицето што го извршило криминалот. Тие исто така можат да ве заштитат.

Ако не сте спремни да направите пријава или ако не ви е удобно да зборувате со полицијата, линијата за помош ќе:
- зборуваат со вас и ќе ја разберат ситуацијата
- најдат служби што ќе можат да ви помогнат, дури и ако не сакате да го пријавите криминалот
- помогнат да зборувате со полицијата, ако сакате.

**Можете да користите и толкувач**
Ако е потребно, линијата за помош ќе ви обезбеди бесплатен толкувач. Вие исто така можете да замолите некого да се јави на линијата за помош за да ви обезбеди толкувач.

За да добиете толкувач:
1. јавете се на линјата за помош на 1800 819 817
2. кажете го вашето име, бројот на телефонот и јазикот
3. ќе ви се јави толкувач

Кога ќе ви се јави толкувач, можно е на вашиот мобилен телефон да ви се покаже ‘private number’, ‘blocked’ или ‘no caller ID’.


VICTORIA State Government | Justice and Community Safety